### ДИМИТАР ЧУДО, ДИРЕКТОР НА СВЕТСКАТА ГАЛЕРИЈА НА КАРИКАТУРИ

# Светот низ карикатуристите од светот

*Веќе три и половина децении во Скопје, во Светската галерија на карикатури „Остен", пристигнуваат приближно 800 дела, од 400 автори од целиот свет. Досега во ризницата на фондот на Галеријата се наоѓаат близу 32 илјади карикатури подарок од авторите. Вечерва, по 35 јубилеен пат, се отвора Светската галерија „Остен" за уште еднаш да ги спои во своите редови уметниците од целиот свет и барем за миг, влез во сатиричниот свет на карикатуристите*

Вечерва во просториите на галеријата „Остен", по 35-ти пат, се отвора Светската галерија на карикатури. „Чувството да се доживее и да се организира еден ваков јубилеј е прекрасно. Ние, во галеријата 'Остен', широко ги отворивме вратите и срцата по 35-ти пат, за делата на светските карикатуристи", вели директорот на галеријата „Остен", а воедни и главен и одговорен уредник на списанието „Остен", Димитар Чудо.

Изминативе 35 години, Скопје е центар на светските карикатуристи, кои творејќи на своја тема го создаваат богатството од карикатури кои остануваат како траен белег и спомен за едно време или невреме. Дело од нив, се сублимираат во ревијата „Остен" кој појавувајќи се во повоеното време, остана да сведочи за сите настани и случувања поврзани со Светската галерија.

- Првиот број на весникот „Остен" беше објавен некаде 1944 или 1945 година. Негови кумови, се Блаже Конески, Ацо Шопов и Славко Јаневски. Ревијата секогаш била сведок за случувањата на светската галерија на карикатури, вели главниот и одговорен уредник Димитар Чудо за почетоците на ревијата.

СКОПЈЕ - СВЕТСКИ ЦЕНТАР НА КАРИКАТУРАТА

Светската галерија на карикатури не случајно е лоцирана во Скопје. Во времето на поранешна Југославија, Скопје беше центар на овие случувања. Со својот творечки израз, карикатуристите ја прикажуваат својата универзална и космополитска улога и визија. И покрај опаѓањето на интересот за ваквата творечка дејност, Светската галерија на карикатури е сè уште престижна манифестација за многу карикатуристи од светот.

- Точно, од првиот ден Светската галерија на карикатури во Скопје, со својата концепција и темите на кои твореа и сè уште творат авторите, ја покажаа својата космополитска визија и ги собра врвните уметници во Скопје. Тие покажаа дека карикатурата е создадена за изградба на поубав свет и живот, за мир и слобода, за соработка и толеранција меѓу народите, за просперитет во општеството. Сè ова започна, пред 35 години со спектакуларното пуштање на белите гулаби како симбол за мир на прво наградената карикатура во 1969 година на карикатуристот Хозе Бернандо Пачеко-Нандо од Салвадор. Со гордост можам да констатирам дека галеријата во Скопје е рамо до рамо со најдобрите светски манифестации од овој карактер, како Бордигера во Италија, Токио во Јапонија, Кнок Хеист во Белгија и други, вели директорот на галеријата, Димитар Чудо.



МИОДРАГ ВЕЛИЧКОВИЌ (СРБИЈА И ЦРНА ГОРА) 35-СВЕТСКА ГАЛЕРИЈА НА КАРИКАТУРИ - 2003 Г.



Во аналите на Светската галерија на карикатури ќе останат забележани многу автори. Многу од нив се анонимни, но има и такви со светско реноме. Делата кои се изложуваат остануваат во сопственост на Галеријата и се чуваат во архивата на депото.

МИРОТ Е СЕКОГАШ АКТУЕЛНА ТЕМА

- Досега има околу 32 илјади карикатури. Тоа се дела собрани за овие 35 години постоење. Годинава имаме околу петстотини карикатури, дела на 250 автори кои творат на своја тема. Темата од поодамна е така формулирана.

Авторите порано имаа зададена тема, но ни се случуваше да добиеме слични карикатури, тоа е веројатно последица на многу стриктното насочување на карикатуристите. Поради тоа, темата на карикатурите што се творат на „Моја тема", што им дава на авторите еден поширок поглед и избор, се разбира.

Во секој случај мора да се каже дека интересот на темите во последно време е мирот, во прв план, но и екологијата или чистата околина, што мене лично многу ме радува бидејќи укажува на будењето на свеста кај луѓето, коментира Чудо за темите на карикатурите.



Најдобрите дела ќе бидат одбрани од жири комисијата која е во интернационален состав и тоа до Македонија, Димитар Беловски, Дарко Марковиќ, потоа од Турција, Бурханети Ардагил и од Србија и Црна Гора, Александар Блатник. Конкурсот како и до сега е награден и најдобрите дела ќе бидат парично наградени.

- Галеријата ќе биде отворена за своите посетители цел месец. Но, од досега виденото, директорот Чудо вели дека како и со сите галерии, така и со оваа, по отворањето, кај посетителите речиси и не постои желбата да ги посетат поставените дела, вели тој.

ЧУДО Е ЧУДО ОД КАРИКАТУРИСТ!

Покрај својата дејност како директор на Светската галерија на карикатури и главен и одговорен уредник на ревијата „Остен", Димитар Чудо е еден од најпопуларните македонски карикатуристи. Неговата прва карикатура е објавена на први јануари 1959 година во весникот „Студентски збор", на студентска тема. Оттогаш, па до денес, има нацртано околу 15 илјади карикатури изложени на изложбите кај нас и во светот.

- Беше одамна тоа, годинава практично е мој 45-годишен јубилеј. Мојата прва карикатура беше нацртана на студентска тема и објавена во весникот „Студентски збор". Низ годините и сите случувања, можам да кажам дека плод на моите карикатури се темите од секојдневието како политиката, спортот и културата, вели Чудо за својата работа.

Карикатурите на Чудо се сретнуваат на страниците на речиси сите македонски списанија како „Остен", „Нова Македонија", „Вечер", „Екран", „Починка", „Млад Борец". Негoвите дела се наоѓаат и на страниците на престижните светски списании со кои соработува како „Франкфуртер Алгемајне Цајтунг", „Пардон", „Зидојче Цајтунг", „Ле монд", „Ди пресе", „Фекоњус", „Луѓаш Маѓи" и многу други. Во овој контекст, добитник е на многу награди во светот и кај нас.

- И додека интересот за карикатури постои во своетот, кај нас во македонските редакции сè повеќе опаѓа. Во странските весници нема страница која нема карикатура во контекст на рубриката или текстот се разбира. Кај нас, за жал, тоа не е така. Се чини дека интересот за овој вид на творештво полека, но сигурно опаѓа, вели директорот на светската галеријата на карикатури и главен и одговорен урени на ревијата „Остен" Димитар Чудо.

Маја ТАНЕВСКА